РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zhvillim të zonave teknologjike industriale

Бр./№ 04-137/9
21.01.2026 год./viti

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25 и 154/25) член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), а во врска со член 5 став 1, член 6 став 1, член 20-г и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 4 став 9, став 10 и став 11 од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на помошно – технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1628/1 од 06.12.2023 година и Правилникот за изменување на Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на помошно – технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1169/1 од 17.07.2025 година, Одлуката за потреба од вработување бр.04-1728/1 од 23.12.2025 година, Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-137/1 од 12.01.2026 година и Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-137/2 од 14.01.2026 година, како и јавниот оглас бр.02/2025 за вработување на неопределено време на 32 (триесет и два) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објавен на ден 24.12.2025 година, во дневните весници „Нова Македонија“ и ,,Коха“ и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување

1. Од пријавените кандидати по јавниот оглас број 02/2025, објавен на ден 24.12.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и ,,Коха“ и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за засновање на работен однос на неопределено време во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на работно место Вагар во Одделение за евиденција и контрола во зони во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници, Шифра ТИР0405Б08001 (Локација на работно место: ТИРЗ Штип – 3 извршители) се избираат следните кандидати :

- Павле Андонов од Штип;
- Благојчо Трајков од Пробиштип и
- Благојче Клинчарски од Штип.

2. Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен согласно Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-175/2 од 17.01.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/1 од 29.05.2023 година, бр.01-894/5 од 02.11.2023 година, бр.01-894/8 од 06.12.2023 година, бр.01-1156/1 од 10.09.2024 година, бр.01-468/3 од 05.03.2025 година, бр.01-1015/1 од 10.06.2025 година, бр.01-1015/4 од 26.06.2025 година и бр.01-1015/7 од 12.12.2025 година, а врз основа на спроведена административна селекција и спроведено интервју, од што е утврдено дека избраните кандидати во целост ги исполнуваат бараните услови.

3. Именуваните ќе бидат вработени на работното место од точка 1 на оваа Одлука, по конечноста на одлуката, за што ќе се склучат договори за вработување.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

## ***Образложение***

Врз основа на Одлуката за потреба за вработување бр.04-1728/1 од 23.12.2025 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 24.12.2025 година во дневните весници “Нова Македонија” и „Коха” и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, објави јавен оглас број 02/2025 за вработување на неопределено време на 32 (триесет и два) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за работно место Вагар во Одделение за евиденција и контрола во зони во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со

корисници, Шифра ТИР0405Б08001, Локација на работно место: ( ТИРЗ Скопје - 9 извршители, ТИРЗ Кичево - 4 извршители, ТИРЗ Струмица – 4 извршители, ТИРЗ Штип – 3 извршители, ТИРЗ Прилеп – 6 извршители и ТИРЗ Струга – 6 извршители).

Комисијата ги разгледа доставените пријави за што состави Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-137/1 од 12.01.2026 година, потоа спроведе интервју за што состави Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-137/2 од 14.01.2026 година, врз основа на што Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе Одлуката како во диспозитивот.

Директор
Д-р Гоце Димовски

**Правна поука:** Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена до Управниот Одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Дирекцијата индустриски развојни зони.

Изработил: Маја Базерковска
Контролирал: Ирена К. Стојанова

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваните;
- Оддечение за управување со човечки ресурси;
- Одделение за финансиски прашања;
- Архива;